# КАКО ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКО ПРАВО ВЛИЈАЕ ВРЗ РАБОТАТА НА МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ

## АНАЛИЗА, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ




*Автор: Давор Пашоски*

Јануари, 2021

**Издавач:**
Здружени на новинарите
на Македонија

Здружение на новинарите на Македонија

Оваа публикација е овозможена со помош на Сигрид Раузинг Траст (СРТ). Содржината на анализата е единствена одговорност на авторот (и издавачот), и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на СРТ.

SIGRID RAUSING TRUST

# СОДРЖИНА

Вовед 3

Одредби од ЗАПСП релевантни за новинарите и медиумските работници 5

Предизвиците на онлајн-медиумите и плагијаторството – Кодексот на новинарите на Македонија и саморегулацијата 12

Европска пракса - ЕУ Директива 2019/790 за авторски и други сродни права 14

Заклучни согледувања и препораки 15

# ВОВЕД

Авторското право се смета за едно од најважните права во остварувањето на професионалната должност на новинарите и генерално на медиумските работници, кои преку својата работа креираат содржини. Воедно претставува особено важна тема од аспект на почитувањето на сопственоста врз оние новинарски производи што уживаат заштита, како авторски дела. Токму поради тоа, новинарите, како и фоторепортерите и снимателите, треба да бидат препознаени како автори на содржината што ја креираат, да имаат права врз таа содржина, како и да имаат соодветен надоместок за неа.

Неопходно е да се подигне свеста кај новинарите и кај медиумските работници, но и генерално кај сите релевантни чинители за значењето на авторското право и другите сродни права, да се унапреди познавањето на важечките законски регулативи и нивната примена, како и да се подобри постојната нормативa со онаа на Европската Унија. Голем предизвик се низата проблеми што произлегуваат од непознавањето, непочитувањето и несоодветната примена на законската регулатива во областа на авторското право и сродните права.

Медиумите и медиумските работници, пред сè, се засегната страна во остварувањето на авторското право и сродните права, но и се еден од основните фактори за афирмацијата на правната заштита и имаат силно влијание врз зголемувањето на степенот на почитувањето на законската нормативa.

Законот за авторското право и сродните права (ЗАПСП)[1] го определува авторот како лице на кое му припаѓа авторското право над неговото авторско дело, со самото создавање на делото, а според член 26 од овој закон, авторот има исклучиво право да дозволи или да забрани користење на неговото дело, или негови примероци од други лица, освен во случаи определени со овој закон. Воедно, законот обезбедува заштита на **материјалните и на моралните права на авторот.**

Во првата половина од 2018 година, Министерството за култура на Република Северна Македонија, како надлежен орган за ЗАПСП, го почна процесот за измени и дополнувања на овој закон. Според Министерството за култура, има потреба од дополнителна хармонизација на Законот за авторското право и сродните права со ЕУ директивата 2014/26/ЕУ за колективното управување со авторското право и сродните права, со Директивата 2011/77/ЕУ за изменување на Директивата 2006/116/ЕУ за времетраењето на авторското право и сродните права, како и со Директивата 2012/28/ЕУ за дозволено користење на делата „сираци“ (дела чии автори не се познати или, пак, не можат да бидат контактирани). Според Министерството за култура, со измените и дополнувањата на ЗАПСП, се очекува да се создадат нормативни основи за остварување

1 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16.

ефикасен и рационален систем на колективно управување со авторското право, односно сродните права и да се поттикне колективното управување со повеќе видови права.

Согласно стратегискиот план на Министерството за култура за периодот 2019-2021, приоритетна цел е создавање систем за ефикасно остварување на авторското право и сродните права, вклучително и на колективното управување со авторското право и сродните права, како дел од почнувањето на преговорите со Европската Унија[2].

Имајќи ја предвид потребата од стручна оцена на нацрт-законот за измени и дополнувања на ЗАПСП, како и со цел обезбедување на мислење и ставови на сите заинтересирани страни, Министерството за култура поднело апликација до Секретаријатот за европски прашања и до Делегацијата на Европската комисија за обезбедување техничка помош (TAIEX) во процесот на измени и дополнување на законот и неговата хармонизација со ЕУ регулативите.

**Владата на Република Северна Македонија, на 7.12.2020 година донела заклучок со кој го задолжило Министерството за култура да го усогласи нацрт-законот со сите заинтересирани страни и да го достави во владина процедура најдоцна до март 2021 година.**

**Генералната констатација на правните експерти е дека ЗАПСП во основа е добар закон, но, според новинарската фела и медиумските организации, со постојниот закон, во суштина, не се во целост заштитени новинарите, туку во законот се става предност на повредата на моралните и материјалните права кај фотографиите, а кога станува збор за текстовите, односно содржините што се продуцирани од новинарите, самиот закон не е доволно јасен. Голем недостиг е и непостоењето соодветна судска пракса, но и одредени одредби, кои се застарени и кои не кореспондираат со реалните состојби во медиумите, но и со актуелните потреби на новинарите, фотографите и медиумските работници. Како пример може да се земат предвид насоките кон кои се насочува Европската федерација на новинарите (ЕФН), а тоа е потребата од заштита на авторските права на дигиталните платформи, како што се *Јутјуб*, *Вимео* итн. Ова се само дел од причините поради кои треба да се спроведе процесот за измени и дополнувања на овој закон.**

Земајќи ги предвид овие карактеристики на тековниот закон, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) планира да достави предлог-измени и дополнување на ЗАПСП, во согласност на ЕУ директивите, а со цел подобрување на амбиентот во кој работат медиумските работници, но и зголе-

2 Стратешки план на Министерство за култура 2019-2021, Министерство за култура, (последна посета на 05.01.2021 година).

мување на степенот на заштита на авторското право на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници. Токму од тие причини, во декември се одржа и работилницата организирана од ЗНМ и од Македонскиот институт за медиуми, со наслов „*Како законот за авторско право влијае врз работата на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници*"[3]. Намерата на оваа работилница беше да се организира дебата и дискусија меѓу претставници од фелата, Министерството за култура, правни експерти и претставници на ЕФН, а со цел сумирање на главните тези, кои ќе бидат доставени до Министерството за култура во форма на барања за измени и дополнување на законот.

# ОДРЕДБИ ОД ЗАПСП РЕЛЕВАНТНИ ЗА НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ

Во рамки на работата на медиумите, односно новинарите и медиумските работници, неопходно е познавањето на овој закон од два аспекта:

1. **Новинарите** како лица што ги создаваат авторските дела и
2. **Новинарите** како лица, кои истовремено се и корисници на авторски дела.

Заради тоа, новинарите и медиумските работници неопходно е да знаат како да ги заштитат своите авторски, но и да знаат како да не ги повредуваат туѓите авторски дела. Поради обемноста на ЗАПСП, во оваа анализа се издвојуваат најважните одредби што се однесуваат на новинарите и медиумските работници.

Авторско правна заштита уживаат само авторските дела. Според членот 12 од ЗАПСП, авторско дело е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма.

За авторско дело се смета:

- **пишано дело** (книга, напис, статија, прирачник, брошура, расправа и други дела од иста природа);
- **говорно дело** (предавање, говор, беседа и други дела од иста природа);
- **фотографско дело** и дело создадено во постапка слична на фотографската;
- **аудиовизуелно дело** (кинематографско и друго дело изразено со подвижни слики).

3 Работењето на професионалните медиуми на удар на плагијаторството, МИМ, 18.12.2020 година, (последна посета на 08.01.2021).

Дополнително, според членот 13 од законот, како посебно авторско дело се смета составниот дел на авторското дело, како и насловот на делото, доколку само по себе претставува интелектуална и индивидуална творба.

Од друга страна, членот 16 од ЗАПСП ги утврдува творбите што не се сметаат за авторски дела, како што се службени текстови од политичка, законодавна, административна и судска природа и нивните службени преводи. Што би значело дека и вестите како медиумски продукт што имаат информативен карактер и со кои се пренесуваат факти и податоци за соодветно случување не се сметаат за авторско дело. Според тоа, за да може веста, односно медиумската информација да се смета за авторско дело, неопходно е новинарот при нејзиното создавање да има интелектуален придонес.

Авторот е секогаш носител на авторското право, бидејќи, според член 17 од ЗАПСП, авторот е физичко лице што го создало авторското дело. Што значи дека правен субјект не може да биде автор, од причина што не може да има интелектуален придонес во создавањето на едно авторско дело. Понатаму, важно е да се напомене дека на авторот му припаѓа авторското право над неговото дело со самото негово создавање, што подразбира дека не се потребни формални процедури пред надлежните органи за признавање на авторското дело.

Дополнително, според член 18, како автор се смета лице чие име, псевдоним, код или друг знак, на вообичаен начин е означен на делото, односно неговите примероци или е наведен при објавувањето на делото, додека не се докаже спротивното, во согласност со ЗАПСП. Истиот овој член утврдува дека во случај кога авторот не е познат, ниту, пак, може тој да се утврди согласно законот, авторското право го остварува лицето што законски го објавило авторското дело. Ова правило престанува да важи кога идентитетот на авторот ќе биде утврден.

Во членот 19 од законот се дефинира значењето на коавторството. Авторското право на дело создадено во соработка на две или повеќе лица им припаѓа на сите тие лица и тие се сметаат за коавтори. Понатаму со овој член се утврдува дека за секое користење на делото е потребна согласност од секој од коавторите. Одделен коавтор не може да одбие да даде согласност од причини што се спротивни на начелото на совесност и чесност. Кога делото создадено од коавтори се состои од самостојни делови (делива целина), секој од коавторите може да дозволи самостојно користење на својот дел, под услов таквото користење да не биде на штета на користењето на заедничкото дело, односно на правата на другите коавтори. Уделот на одделни коавтори во надоместокот остварен од користењето на делото се определува сразмерно на вистинскиот придонес што секој од нив го имал при создавањето на делото, доколку меѓу коавторите поинаку не е договорено. Во случај кога не може да се утврди вистинскиот придонес или не е постигнат договор меѓу коавторите, на секој од коавторите му припаѓа подеднаков дел од надоместокот.

Во членот 20 се уредува содржината на авторското

право. Според овој член, авторското право е единствено право и е неразделно од авторското дело. Авторското право содржи исклучиви морални права, исклучиви материјални права и други права, определени со овој закон.

Во членот 21 е утврден поимот за моралните права на авторот, овие права го штитат авторот по однос на неговата лична и духовна (интелектуална) врска со делото. Авторот ги има следниве исклучиви морални права: 1. право на признавање на авторството; 2. право на прво објавување; 3. право на заштита на интегритетот на делото и 4. право на откажување.

Во членот 26 се регулирани исклучивите материјални, односно имотните права при користењето на авторското дело или неговите примероци. Според овој член од ЗАПСП, авторот има исклучиво право да дозволи или да забрани користење на неговото дело или негови примероци од други лица, освен во случаи определени со овој закон. Дополнително, во членот 27 се наведени видовите материјални права на авторот: 1. право на умножување на делото; 2. право на пуштање во промет на делото; 3. право на јавно соопштување на делото и 4. право на преработување на делото.

Со ЗАПСП, исто така, се регулира кога друго лице ќе биде носител на права. Во суштина, тоа е во случај тогаш кога лицето го нарачало авторското дело или во случај кога авторското дел е создадено во работен однос. Ова е посебно важен дел од законот, кој треба да се земе предвид и при склучувањето на договорот за работниот однос меѓу медиумскиот работник и медиумот како правно лице, а со цел да не биде на штета на авторот.

Според член 85 од законот, со договорот за нарачка, авторот не му ги пренесува сите права на нарачателот, односно со овој вид договор, авторот го задржува правото над делото, освен доколку со закон или со договор поинаку не е определено. Со договор за нарачка на авторско дело, авторот го создава нарачаното авторско дело и му го доставува на нарачателот. Нарачателот има право да ја надгледува работата и да дава упатства, доколку со тоа не навлегува во правото на авторот за слободно творештво.

Согласно член 86, друго лице може да биде носител на правата во случај кога авторското дело е создадено од работник при исполнување на неговите работни обврски или по упатство на работодавачот (авторско дело од работен однос), се смета дека материјалните права на авторот на тоа дело, исклучиво му се пренесени на работодавачот за време од пет години по завршувањето на делото, доколку со колективен договор, односно со договор за работа поинаку не е определено. По истекот на рокот од 5 години, материјалните права му припаѓаат на работникот, со тоа што работодавачот може да побара нивно повторно исклучиво пренесување, доколку му плати на работникот надоместок за секој одделен вид материјално право. Авторот има право на надоместок за секое изнајмување на делото од кое не може да се откаже.

Членот 87 ги предвидува исклучоците кај пренесувањето на правата во работен однос, односно, според овој член од законот, работникот го задржува исклучивото право да го користи авторското дело создадено од работниот однос во рамки на своите собрани дела, како на пример ако објавува збирки на колумни создадени за време на работниот однос.

Според член 65 од ЗАПСП, преносот на правата секогаш се прави со пишан договор и само пишан договор произведува правно дејство. Договорот содржи вид на права што се пренесуваат, нивниот обем, исклучиво или неисклучиво, територијата за која се однесува пренесувањето на правата, времетраење на пренесувањето и авторскиот надоместок. Спорните или нејасните одредби во договорот се толкуваат во интерес на авторот, како помалку информирана страна.

Важно е да се напомене дека секогаш кога лицето ќе преземе дејствија, односно кога ќе користи дела за кои нема правен основ со договор или согласно законот, настанува повреда на авторското право.

Авторскиот надоместок е важен, особено во случајот кога настанува повреда на правата, односно во постапката на определување на плаќање надоместок на лицата чии права се злоупотребени. Авторскиот надоместок, согласно член 66 од ЗАПСП, се определува според принципот на правичност, видот на делото, видот и обемот на правото на користење што се пренесува, времетраењето и другите битни околности за неговото користење. Доколку со користењето на авторското дело се остварува приход што е значително поголем од договорениот надоместок, авторот има право да побара измена на договорениот надоместок, што ќе му овозможи поправичен удел во приходот. Од ова право, авторот не може да се откаже.

Во случај кога надоместокот е договорен, односно определен во зависност од остварениот приход од користењето на делото, неговиот корисник е должен да води соодветни книги или друга евиденција од која може да се утврди висината на остварениот приход. Корисникот е должен да му овозможи на носителот на авторското право увид во документацијата/евиденцијата и да му доставува потребни извештаи за остварениот приход во разумен рок, доколку рокот не е определен со закон или договор.

Особено важни за новинарите и за медиумските работници се одредбите на овој закон што се однесуваат на пренесувањето на материјалните права, ова прашање се регулира во членовите 63, 71, 72 и 73.

Пренесувањето на материјално право се врши исклучиво или неисклучиво. Со исклучивото пренесување на материјално право, во смисла на овој закон, се дозволува само едно лице да го користи делото, при што од користење се исклучени авторот и кое било друго лице. Со неисклучивото пренесување на материјално право,

во смисла на овој закон, се дозволува лицето да го користи делото, при што од користењето не се исклучени авторот или кое било друго лице. Пренесувањето на одделно материјално право не влијае врз пренесувањето на другите материјални права, доколку со овој закон или со договор поинаку не е определено. При пренесувањето на правото на умножување се смета дека е пренесено и правото на пуштање во промет на примероците на тоа дело, доколку со договор поинаку не е определено. Носителот на кој му било пренесено материјалното право на авторот не може, без дозвола на авторот, тоа право натаму да го пренесе на други лица, доколку со договор поинаку не е определено. Доколку натамошното пренесување на правото е последица на статусните измени на носителот, дозволата не е потребна. Доколку натамошното пренесување на правото е допуштено без дозвола на авторот, согласно со законот или договорот за авторските побарувања, солидарна одговорност сносат претходниот и новиот носител.

Во членовите 51, 52, 53, 54[4] од ЗАПСП се утврдуваат случаите кога едно авторско дело може да се користи без дозвола на авторот со или без надоместок, но тоа е возможно само доколку делото е објавено.

Од членот 52, каде што е регулирано користењето на авторско дело без плаќање надоместок, посебно внимание треба да се обрне на точките:

4) користење дела заради илустрирање во образовни или научни истражувања до степен оправдан со некомерцијалната цел што треба да се постигне, под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;

6) умножување и јавно соопштување написи, статии и други слични дела за актуелни стопански, политички, религиозни и други слични теми, заради известување на јавноста, до степен оправдан со целта, освен ако тоа не е посебно забрането од страна на авторот, под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;

7) користење делови на авторски дела (цитати) во научни истражувања, за настава, критика, полемика или преглед, во обем и до степен потребен за конкретната намена и под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;

9) користење политички говори, како и извадоци од јавни предавања и слични дела до степен оправдан со информативната намена, под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;

4 Брешковски, И., Марковски, И. (2018) Влијанието на законот за авторски права и сродните права врз работата на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници, Фондација Конрад Аденауер, 02.10.2018, (стр. 18), (последна посета на 05.01.2021 година).

11) користење архитектонски и вајарски дела трајно сместени на јавни места (улици, плоштади, паркови и слично);

12) користење дела од областа на ликовнатаи применетата уметност, архитектурата, индустрискиот дизајн и фотографските дела изложени на јавни изложби или на аукција од страна на организаторот, на плакати или каталози изработени без комерцијални цели, до степен неопходен за промовирање на настанот;

15) случајно (споредно) вклучување на авторското дело во друг материјал;

17) јавно соопштување и ставање на располагање на јавноста на авторско дело заради истражување или лично усовршување на определени места во јавни научни, културни, образовни и други установи од сличен карактер, доколку делото не може да се купи, или за негово користење не е потребна дозвола, а е дел од колекциите/фондот на установите; и

Ставот (3) од членот 52 од ЗАПСП: „Јавно соопштување наслов од напис, статија и друго слично дело за актуелни стопански, политички, религиозни и други слични теми, во електронска публикација преземена од друга електронска публикација или од друг извор заради известување на јавноста е без плаќање надоместок, освен ако тоа не е посебно забрането од страна на авторот, односно носителот на правото, под услов да се наведе изворот, како и името на авторот доколку тоа е возможно“.

Во членот 54 се регулира користење на авторското дело со плаќање надоместок, и тоа во случај на умножување на хартија или на сличен носач на запис по пат на фотокопирање или која било слична техника или друг процес со слични ефекти, со исклучок на нотните записи на музичко дело и при умножување на кој било носач на запис што го врши физичко лице за приватно користење, без посредна или непосредна комерцијална цел.

Земјите-членки на Европската Унија, како и САД, го прифатиле периодот од 70 години[5] по смртта на авторот или 70 години по смртта на последниот автор во случај на коавторство, како времетраење на заштитата на материјалните и моралните права од авторските дела, а тоа е период што е утврден и во македонскиот ЗАПСП.

Според член 160 од законот, лице чие право определено со овој закон е повредено, кога постои оправдано сомневање дека ќе му биде повредено правото и кога се заканува вистинска закана од повреда на правата, докол-

5 Copyright in the EU: How to get copyright protection, Europa.eu, (последна посета на 05.01.2021 година).

ку со овој закон поинаку не е определено, има право да поднесе барање за заштита на правото и привремени и други мерки. Како лице чие право е повредено, покрај авторот, се смета и носителот на правото, лице овластено да го користи правото и организација (носители на право). Во тој случај, постапката по тужбените барања е итна.

Важно е да се напомене дека авторското право и сродните права уживаат кривична, граѓанска и прекршочна заштита.

Членовите 129-131 од ЗАПСП се однесуваат на колективното управување со авторското право и други сродни права и видовите права што колективно се управуваат, додека членовите 132-134 ја регулираат организацијата за колективно управување[6].

Овој дел од Законот појаснува дека носителите на авторското право и на сродните права можат да ги остваруваат правата определени со овој закон индивидуално (одделно за секое авторско дело, односно предмет на сродно право), лично, односно преку застапник или колективно (заедно за повеќе дела или предмети на сродни права и за повеќе носители на правата) преку организација за колективно управување со правата, на начин и под услови определени со овој закон.

Колективното управување опфаќа правни работи со корисниците на правата на авторите, прибирање надоместоци за користењето, нивна распределба и заштита на правата пред државните органи и други субјекти. Колективното управување се остварува преку непрофитна организација за колективно управување основана од носителите на правата, кои може да бидат физички или правни лица.

Организацијата за колективно управување со авторското право и сродните права претставува правно лице основано од носителите на правата, физичко и/или правно лице, кое работи во свое име, а за сметка на носителите на правата и врз основа на дозвола од Министерството за култура.

Ваквата организација се основа како непрофитна организација и таа може да биде основана за одредени видови права или за права што припаѓаат на одделни носители. Организацијата поседува законски одредби таксативно наведени во член 133 од ЗАПСП, со неа управуваат и одлучуваат членовите на организацијата (носителите на правата), односно ги управува правата на сите носители на правата за кои има добиено дозвола од Министерството за култура, во согласност со овој закон и статутот, односно договорот за основање. Организациите за колективно управување, согласно ЗАПСП, се директно вклучени во донесувањето тарифа, односно надоместок за користење на авторските дела и предметите на сродни права со кои таа управува, и, исто така, го следи користењето на правата од носи-

6 Брешковски, И., Марковски, И. (2018) Влијанието на законот за авторски права и сродните права врз работата на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници, Фондација Конрад Аденауер, 02.10.2018, (стр. 20), (последна посета на 05.01.2021 година).

телите на истите. Организациите за колективно управување ги прибираат утврдените надоместоци од корисниците и вршат нивна распределба на носителите на правата во согласност со законот и општите акти.

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ОНЛАЈН-МЕДИУМИТЕ И ПЛАГИЈАТОРСТВОТО – КОДЕКСОТ НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА И САМОРЕГУЛАЦИЈАТА

Во земјава, новинарските производи како авторски дела, особено со појавата на онлајн-медиумите, односно интернет-порталите се предмет на сè почесто плагијаторство, кое ги нарушува сите новинарски стандарди и начела на професионалното новинарство. Во таа смисла, Кодексот на новинарите на Македонија[7] ги воспоставува основните принципи за работа на новинарите, меѓу кои се наведува дека „новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат. Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни“.

Кодексот е составен од 17 члена, кои ја регулираат професионалната и етичка работа на новинарите, а токму членот 12 се однесува на авторското право и гласи: „Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“. Членот 12 јасно укажува дека секој што без дозвола на авторот ќе украде, односно ќе реобјави каков било вид новинарски производ, без разлика дали станува збор за новинарски текст, фотографија или друго аудиовизуелно дело, го прекршува Кодексот на новинарите.

Од причина што онлајн-медиумите сè повеќе претставуваат главен извор на информирање за огромен број граѓани, неопходна е дополнителна професионализација во работењето на овие медиуми, што ќе придонесе и за подобрување на нивниот кредибилитет, но, исто така, ќе придонесе и за уште појасна дистинкција на професионалните онлајн-медиуми од неетичните и непрофесионални медиуми. Во таа насока се и напорите на ЗНМ и Советот на етика на медиумите во Македонија (СЕММ), во зајакнување на медиумската саморегулација преку промоција на

7 Кодекс на новинарите на Македонија, ЗНМ, (последна посета на 05.01.2021 година).

регистарот на професионални онлајн-медиуми, кој може да се најде на www.promedia.mk.

Проблемот на неовластено преземање содржини е многу застапен кај онлајн-медиумите, што претставува причина за многу честа повреда на авторските права и за огромен број случаи на плагијаторство. Во таа насока, и судската пракса во нашата земја за овие повреди на права е исклучително скромна, а и судските постапки, посебно во граѓанската сфера, можат да бидат скапи и долготрајни од неколкуте случаи што ги бележи Здружението на новинарите.

Од таа причина, засега како единствен механизам за воспоставување подобра контрола во оваа медиумска сфера, како и механизам што придонесува кон одредена заштита на авторските права е саморегулацијата[8]. Основата на саморегулацијата е почитувањето на етичките стандарди преку професионално новинарство и медиумско известување во согласност со Етичкиот кодекс на новинарите. Овој механизам воедно придонесува за решавање на прекршувањето на авторското право на новинарите и медиумските работници вон судски пат. Саморегулацијата ги заштитува новинарите и медиумските работници преку процес на медијација, во услови кога се прекршени етичките стандарди, вклучувајќи го и начелото за забрана на плагијаторство. Преку овој механизам се овозможува јавно изложување на непрофесионалните новинари, медиумски работници и медиуми. Иако овие механизми се ефикасни, сепак не се гаранција дека во иднина би спречиле повторно прекршување на етичките стандарди, и тоа од ист новинар, медиумски работник или медиум. Во земјава има две тела што се занимаваат со саморегулацијата во медиумите, тоа се Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија и Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ).

Саморегулацијата може да се каже дека е и единствениот достапен механизам за заштита на авторските права од причина што, како што беше и горе наведено, трошоците за судски постапки пред граѓанските судови се многу скапи. Поради тоа, новинарите и фоторепортерите ретко се осмелуваат да тужат за прекршени авторски права, што резултира и со многу скромна судска пракса во државата. Секако, кога судот во одредена судска постапка не знае како да постапи или смета дека нешто не е доволно прецизно утврдено, во домашното законодавство може да се повика на практиката од Европскиот суд за човекови права во Стразбур, каде што има конкретни случаи за повреда на авторското право преку неовластено преземање медиумски содржини.

8 Брешковски, И., Марковски, И. (2018) Влијанието на законот за авторски права и сродните права врз работата на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници, Фондација Конрад Аденауер, 02.10.2018, (стр. 34), (последна посета на 05.01.2021 година).

# ЕВРОПСКА ПРАКСА - ЕУ ДИРЕКТИВА 2019/790 ЗА АВТОРСКИ И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА

Европската федерација на новинари (ЕФН), како најголема членска организација на новинари во Европа, е директно и активно вклучена во процесот на подобрување на ЕУ директивите поврзани со заштитата на авторските права на новинарите. ЕФН се залага за силна правна заштита на моралните и материјалните права на новинарите и медиумските работници, односно на правото и обврската авторот да биде идентификуван, односно именуван (byline и photocredit), со што се заштитува неговото авторско дело, но истовремено се обезбедува и правото на соодветен надоместок за делото и се означува личната одговорност на авторот за делото што го создал. Овие права и обврски, според ЕФН, еднакво се однесуваат на новинарите и медиумските работници вработени во медиумите, но и на „*фриленсерите*“ и се исти, без разлика дали еден медиумски производ е објавен во печатен медиум, радио, телевизија или, пак, онлајн-медиум.

Едно од главните залагања на ЕФН е да се постигне хармонизацијата на авторските права низ сите земји во светот, со што бенефит би имале сите професионални новинари и медиумски работници.

Во процесот на измените и дополнувањата на ЗАПСП треба да се земат предвид и неколку одредби од ЕУ Директивата 2019/790 за авторски и други сродни права[9]. Како на пример членот 5, кој се однесува на можноста за употреба на дела за наставна, односно некомерцијална цел, при што и за ваква употреба се дава можност на земјите-членки да определат правичен надоместок на издавачот, односно на авторот чие дело се користи. Со оваа одредба се овозможува сите автори да добијат соодветен надоместок за своето дело, без разлика дали тоа е создадено за научна или за каква било друга цел. Интересен е и членот 15, кој се однесува на заштитата на издавачите и користењето публикации на интернет. Со овој член се утврдува правото на надоместок (од остварениот приход на издавачот) на авторите на дела што се вклучени во информативни публикации. Членот 17 се однесува на употреба, односно споделување на интернет авторска, односно заштитена содржина од страна на интернет сервис провајдери (како што се на пр. *Јутјуб* и *Вимео*). Со овој член се заштитуваат правата на авторите чии дела се споделуваат на интернет, односно сервис провајдерот мора да обезбеди дозвола од авторот за вакво користење на неговото дело.

9 Directive (EU) 2019/790 on copyright nd related rights in the Digital Single Market, Eur-Lex, 17.04.2019 година, (последна посета на 05.01.2021 година).

Колективното управување со авторските права и со другите сродни права е механизам, кој, исто така, се препорачува од страна на ЕФН во процесот на заштитата на авторските дела и правата на авторите. Препорака на ЕФН е во организациите за колективно управување, покрај авторите, да членуваат и издавачите. Бидејќи на тој начин ќе се овозможи заеднички пристап во остварувањето на правата и интересите на сите.

ЕФН се залага за колективни договори, кои подеднакво ќе ги штитат моралните и материјалните права на вработените новинари и медиумски работници, но и на *„фриленсерите“*. Со овие договори мора да се гарантира правото на соодветен надоместок за авторското дело, односно за медиумскиот продукт. Голем предизвик се и таканаречените *„sign away rights“* договори. Постојат голем број медиуми, кои сè уште инсистираат на отстапување на авторските права, а тоа секако не смее да биде пракса поради што медиумските организации и фелата, во соработка со надлежните институции, треба да најдат начин како ова прашање да се реши со крајна цел - соодветна заштита на моралните и посебно материјалните права на новинарите и медиумските работници.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Мора да се забележи дека во последните неколку години, во земјава има одредени подобрувања во однос на третирањето на темата на неовластеното преземање авторски содржини. До пред неколку години, многу ретко во јавноста и во фелата се отворала темата за неовластено преземање содржини, а денес речиси секојдневно ова прашање се отвора и се предочува за одредени прекршувања на авторското право врз некој медиумски производ.

Тоа говори дека свесноста во македонското општество, а особено кај фелата, за потребата за заштита на авторското право во денешен контекст е на далеку повисоко ниво за разлика од минатите години.

Заштитата на авторското право е меѓусекторски предизвик, кој ги спојува новинарските организации, новинарите, фоторепортерите, адвокатите, судиите и извршната власт.

Ова е од причина што новинарите или фоторепортерите сами тешко можат да ги заштитат авторските права, особено во отсуство на организација за колективно управување со авторските права и другите

сродни права. Токму поради тоа, саморегулацијата како механизам за вонсудско решавање спорови, кои се однесуваат на повреда на авторското право, може да се оцени како позитивна пракса, која во иднина треба да се применува почесто.

Важен сегмент во соодветната заштита на авторското право се и договорите за работа.

Според актуелниот закон, авторското дело создадено од работник при исполнување на неговите работни обврски или по упатство на работодавачот се смета дека материјалните права на тоа дело исклучиво му се пренесени на работодавачот за време од пет години по завршувањето на делото, доколку со колективен договор, односно со договор за работа поинаку не е определено.

Во европски контекст, овие договори повеќе не се пракса, односно доколку фотографија или новинарски текст, покрај тоа што ќе биде објавен, кај работодавачот се реплицира, односно се објавува и во друг медиум и за тоа работодавачот добие надоместок, од тој надоместок, соодветен дел треба да добие и авторот на медиумскиот производ.

Во таа насока треба да се предвидат и измени на членот 86 од Законот за авторското право и другите сродни права, со што ќе се гарантира дека материјалните права на авторот за дело што е создадено во работен однос при извршување работни задачи, правата од тоа дело ќе му припаѓаат исклучиво на авторот, освен ако со договорот за вработување не е определено поинаку. Оваа препорака потребно е да биде имплементирана во ЗАПСП на начин како што е уредено во членот 76 од хрватскиот Закон за авторско право и сродни права[10], а согласно со политиките на Европската и Меѓународната федерација на новинари, во насока на заштита на правата на новинарите, фоторепортерите и другите медиумски работници.

Препознавање на авторот е нешто што треба да биде задолжителна пракса во македонскиот медиумски простор, особено при преземање туѓа содржина, односно авторско дело, неопходно е да биде наведен и авторот на тоа дело, бидејќи на тој начин се заштитуваат моралните права на авторот, а материјалните права секако треба да бидат предмет на договор и тие треба да бидат отстапени од страна на авторот со исплата на соодветен надоместок.

**Потребни се дополнителни кампањи за поголема свест меѓу медиумските работници за важноста на прашањата поврзани со нивното авторско право** - како позитивен пример е кампањата организирана од страна на Синдикатот на новинарите и медиумските работници (ССНМ) за забрана за преземањето фотографии или авторски текстови без дозвола од авторот[11]. Со оваа кампања им била дадена правна помош на голем број оштетени автори, на кои делата им биле преземани без

10 Брешковски, И., Марковски, И. (2018) Влијанието на законот за авторски права и сродните права врз работата на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници, Фондација Конрад Аденауер, 02.10.2018, (стр. 21), (последна посета на 05.01.2021 година).
11 ССНМ: Авторските права мора да се почитуваат, Академик, 14.12.2017 година, (последна посета на 05.01.2021 година).

дозвола. Заедничка заложба на сите од фелата е дека трудот на сите новинари, фоторепортери и медиумски работници мора да биде платен и заштитен. ЗАПСП како *„лекс специјалис“* ја наложува обврската за почитување на авторските права, но таа обврска ја има и во Кривичниот законик, што значи дека станува збор и за кривично дело.

Ова е и во согласност со членот 15 од ЕУ Директивата 2019/790 за авторски и други сродни права, член што се однесува на издавачките права и со кој се предвидува дека новинарите и другите автори мора да бидат наградени, односно соодветно платени за своите дела.

Колективното остварување на авторското право е предвидено и со актуелниот закон. Во таа насока треба да се разгледа можноста за формирање непрофитно здружение за колективно управување со авторските права на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници, со дозвола од надлежна институција, но согласно хрватските практики[12]. Ваков вид организација секако би придонела кон подобра заштита на авторските права.

Висината на судските трошоци, недовербата во судскиот систем, но и времетраењето на судските постапки се основните причини зошто новинарите и фоторепортерите ретко се осмелуваат да тужат, што резултира и со многу скромна судска пракса. Потребно е да се утврдат и поразумни и рационални трошоци, кои би поттикнале зголемен број идни судски постапки, преку кои новинарите, фотографите и медиумските работници би барале заштита на своите авторски права, секако ова би резултирало и со зголемување на судската пракса за ваков вид спорови во земјава.

Високите административни трошоци, во судска постапка, исто така можат да придонесат кон затворање на некои онлајн-медиуми, кај кои се утврдило дека неовластено објавувале фотографии без претходна согласност од авторите.

Секако, доколку ова се случи, тие медиуми би биле првите што би создале лоша пракса, од која другите медиуми во иднина би имале корист. Сепак, ова не е гаранција дека високите административни трошоци што ќе ги досуди судот за ваков вид постапки би биле основ за утврдување на висината на вредноста на фотографијата.

Во македонското судство, без разлика дали станува збор за граѓанскиот или кривичниот суд, потребни се дополнителни обуки на судиите за повреда на авторските права на новинарите и на медиумските работници, имајќи предвид дека има многу мала пракса за овие дела.

Ова е посебно важно на долг рок, затоа што само преку правични пресуди, кои се во согласност со праксата на ЕСЧП и судовите на земјите-членки на ЕУ, медиумските работници ќе имаат поголема доверба во правосудниот систем. Обуката на судиите може да се реализира од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

12 Брешковски, И., Марковски, И. (2018) Влијанието на законот за авторски права и сродните права врз работата на новинарите, фоторепортерите и медиумските работници, Фондација Конрад Аденауер, 02.10.2018, (стр. 21), (последна посета на 05.01.2021 година).

Здружение на новинарите на Македонија

www.znm.org.mk